Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/14, 5/16, 142/61, 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19 и 14/20), а согласно Правилникот за систематизација на работните места на Општина Велес бр.01-2888/1 од 12.06.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Велес бр.01-4367/1 од 07.11.2024 година, Секретарот на Општина Велес, донесе

**О Д Л У К А**
***за избор на кандидат за административен службеник***
***по пат на унапредување***

**1**.Со оваа Одлука **се врши избор** на извршител за работно место *Раководител на одделение за внатрешна ревизија* - УПР 01 01Б04 000 на кандидатот:

- **Аритиа Мајнова**

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и по конечноста на оваа Одлука на избраниот кандидат ќе му се издаде решение за унапредување на административен службеник.

3. Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата на општината.

**О б р а з л о ж е н и е**

Општина Велес спроведе постапка за унапредување на административен службеник во Општина Велес, за следното работно место:

Раководител на одделение за внатрешна ревизија - 1 извршител.

Интерниот оглас беше објавен на веб страната на Општина Велес на ден 19.12.2024 година. Од страна на посебно формирана Комисија со Решение бр.04-5023/8 од 25.12.2024 година, на ден 26.12.2024 година, во 10:30 часот, во просториите на Агенција за администрација Скопје спроведена е административна селекција. На огласот е пријавен вкупно 1(еден) кандидат, кој ги исполнува општите услови за прием на административни службеници, согласно одредбите од Законот за административни службеници и посебните услови предвидени во Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Велес и Правилникот за изменување и дополнување Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Велес, по пат на унапредување.

Комисијата за селекција спроведе административна селекција со Записникот бр.04-5023/9 од 26.12.2024 година, а од страна на Секретарот на Општина Велес спроведено е интервју со Записникот за спроведено интервју бр.04-5023/9 од 26.12.2024 година. Од страна на Комисијата за селекција изготвена е финална ранг листа со предлог одлука за избор и му предлага на Секретарот на општината да изврши избор на прво рангираниот кандидат.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против Одлуката, има право на жалба, преку Општина Велес, до Агенцијата за администрација, во рок од осум дена (8), од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на институцијата.

Број 04-5023/11
27.12.2024 година
Велес

Секретар
на Општина Велес
Марија Чатмова

Доставено до:
*-Агенција за администрација*
*-Архива*
*-Кандидатот*